| содржини<br>(и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Музичко изразување и творење<br>• (слободно музичко изразување, творење/создавање) | • Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти. | Јануари | **Воведни активности:**<br>Учениците следат презентација со различни видови движења на различни музички примери (бавен ритам, игрив, маршов, валсов...). Учениците изведуваат основни елементи на движење: чекорење, потскоконување, трчање. При изведување на движењата се внимава на исправено држење на телото, без претеран напор и вкочанетост, рамномерно и слободно движење на рацете, рамномерно правилно дишење.  Се запознаваат со целта. (10 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>На музички примери со специфичен карактер кои наставникот ги селектира со игрив, бавен, маршов, валсов или пунктиран ритам, учениците се обидуваат да го изразуваат или следат ритамот со гестикулација или ритмичко чекорење низ обрачи поставени во два реда или кругови нацртани со креда, со шарени ленти, марами или само со движења на рацете (Далкроз 1 – https://www.youtube.com/watch?v=yMLp5bjl5aY). (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Секој ученик на стикер го запишува своето омилено движење (брзо, бавно, маршово ...) и видот на музиката. Стикерите се групираат според исказите. Она движење кое е најзастапено се реализира со целото одделение. (5 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувавте? Какви движења изведувавме? Што научивме? (5 мин.) | • уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна табла)<br>• обрачи<br>• креда  во боја<br>• ленти<br>• марами<br>• стикер<br>• прибор за пишување<br>• табла | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование Јануари

| одржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Музички изразни средства (мелодија, ритам, бавно метар, бавно – брзо – умерено, високи/ниски тонови, гласно – тивко) | • Идентификува мелодија и ритам во слушаните композиции. | Јануари | **Воведни активности:**<br>Учениците се запознаваат со играта, ,Асоцијација". Тие ја играат играта и постапно го откриваат поимот празник. По откривањето на поимот празник наставникот поттикнува разговор со учениците поставувајќи им прашања, како на пр.: Што е тоа празник? Каков е тој ден? По што празникот се разликува од другите денови? Какво е расположението за време на празниците? и сл.<br>Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Учениците демонстрираат музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно – брзо – умерено, високи/ниски тонови, гласно – тивко) презентирани од наставникот преку невербална гестикулација/ритмички движења и/или со цртање или пишување преку следење на музиката:<br>https://www.youtube.com/watch?v=XxaR7Ybpmpg – ***Роденден е денот што го чекаме***, *Златно славејче* – музика за пеење и свирење. (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците бираат инструмент со кој ќе ја придружуваат песната додека се движат по истата и ја пеат.<br>(7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Во какво темпо се изведува песната?<br>Какви чувства буди песната кај вас?<br>Кои тониви се слушаат?<br>Дали е гласна или тивка музиката?(5 мин.) | - Презентација<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>- хартија<br>- прибор за пишување, боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Зелена, висока, накитена



Слатка, шарена, свеќички



Честитка, машна, кутија



Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk